**Врз основа на член 4, 36, 37, 38 и 39 и член 67 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ број 78/15, 106/15 и 153/15“) и Одлуката за давање согласност за давање под закуп за деловен простор и друг деловен простор сопственост на општина Ѓорче Петров ( Службен гласник бр.9/2016), Комисијата за спроведување на постапка за давање во закуп на недвижни и движни ствари во сопственост на општина Ѓорче Петров, објавува**

**ОБЈАВА БР. 01/2017**

1. **Предмет на давање во закуп:**

   **Предмет на електронско јавно надавање е давање во закуп на недвижна ствар во сопственост на општина Ѓорче Петров.**

2. **Урбанистичко – планска документација :**

| ред. број | деловен простор | улица и број | површина | катастарска парцела ( КП ) со број на имотен лист | депозит 2% износ | почетен износ на месечна закупнина |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Деловен простор во зграда на УЗ Ѓорче Петров | Ул. Радушка | 10м2 | КП 6238 КО Ѓорче Петров 6 бр. ИЛ 53798 | 5.437,оо | 2.153,оо |
| 2. | Деловен простор во зграда на УЗ Ѓорче Петров, | ул.„Радушка“ | површина од 20м2 | КП 6238 КО Ѓорче Петров 6; бр. ИЛ 53798 | 10.875,оо | 6.150,оо |
| 3. | Простор во деловен објект-барака, во УЗ Даме Груев | ул.„Лука Геров“ бр.66 | површина од 14,5м2 | КП 2316 КО Ѓорче Петров 5 - Лепенец; бр. ИЛ 40761 | 6.875,оо | 3.567,оо |
| 4. | Две деловни простории во зграда на УЗ Ѓорче Петров | ул.„Радушка“ | површина од 62м2 | КП 6238 КО Ѓорче Петров 6; бр. ИЛ 53798 | 33.708,оо | 13.346,оо |
| 5. | Две деловни простории, ходник и санитарен јазол кои имаат посебен влез во фискултурната сала на ООУ Мирче Ацев | ул.„Мечкин Камен“ 66., | површина од 27м2 | КП 5776 КО Ѓорче Петров 2-Мирче Ацев; бр. ИЛ 1182 | 11.900,оо | 8.303,оо |
| 6. | Во ООУ „Страшо Пинџур“ - училница | ул. „Лука Геров“ 66 | површина од 20м2, , | КП 2316 КО Ѓорче Петров 5 - Лепенец; бр. ИЛ 40761 | 9.483,оо | 9.840,оо |
| 7. | Во ООУ „Мирче Ацев“ -училница | ул.„Мечкон Камен“ бр.26 | површина 58м2, | КП 5776 КО Ѓорче Петров 2-Мирче Ацев; бр. ИЛ 1182 | 25.559,оо | 9.840,оо |
| 8. | Во ООУ „Јоаким Крчоски“ - училница | ул.„102“ бр.66 | површина 50м2, | КП 393 КО Орман-Вон Г.Р; бр. ИЛ 1029 | 6.642,оо | 3.075,оо |
| 9. | Во ООУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски“ - училница | ул.„Ѓуро Салај“ бр.31 | површина 54м2, на | КП 9295 КО Ѓорче Петров 6; бр. ИЛ 94950 | 13.272,оо | 6.150,оо |
| 10. | Во ООУ „Тихомир Милошевски“- училница | ул.„1“ бр.62; | површина 25м2, | КП 265 КО Ѓорче Петров 1-Ново Село, бр. ИЛ 53798 | 17.540,оо | 9.840,оо |
| 11. | Во ООУ „Ѓорче Петров“ училница | Ул. Црногорска 66. | Површина 33 м2 | КП 4466 КО Ѓорче Петров 3-Дексион, бр. ИЛ 95183 | 13.149,оо | 6.150,оо |

3. **Рок и начин на поднесување:**

   **Пријавите за учество на Јавното надавање потребно е да се достават од денот на објавување на Објавата 27.01.2017 година до денот на поднесувањто на пријавите 06.02.2017 година.**

   **Пријавите за учество на Јавното надавање се поднесуваат електронски.**

4. **Датум и Време на започнување и времетраење на издавањето:**

   **Јавното надаавање ќе се изврши на ден 10.02.2017 година (петок) со почеток од 10.00 часот.**

   **Јавното надавање ќе се одржи електронски на следната интернет страница http: //www. e-stvari.mk**

   **Периодот на издавање на просторијата е за период од 4 години, со почеток од денот на потпишување на Договорот**

**5. Услови за учество на јавно надавање:**

**За учество во електронското јавно наддавање заинтересираните учесници електронски поднесуваат Пријава, која треба да ги содржи сите податоци и докази утврдени во Објавата за електронско јавно наддавање. За да може да поднесе Пријава за учество заедно со доказите утврдени со објавата, подносителот треба претходно да се регистрира на веб страната http://www.e-stvari.mk/ . (Доколку подносителот на пријава веќе учествувал во постапките по претходни објави и спроведени електронски јавни наддавања спроведени преку овој систем, за него сеуште важат, предходно автоматски доделените корисничко име и лозинка, доделени заради негово учество во предходните постапки и тоа на ниво на целиот систем – се мисли на учество во постапка која ја спроведувала било која општина.)**

**За недвижната ствар која е предмет на објавата на јавно наддавање, може да се пријават за учество сите заинтересирани домашни и странски физички и правни лица кои можат да се стекнат со сопственост на недвижните ствари на територијата на Република Македонија согласно со закон и кои ги исполнуваат условите дадени во објавата.**

**Доказите кои е потребно да се доставаат, регистрираното лице е должно да ги прикачи во системот во скенирана копија на оригиналот во PDFформат, и тоа:**

**-Доказ за банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на недвижната ствар;**

**-Доказ за идентитет:**

**-лична карта или патна исправа за физички лица**

**-тековна состојба од Централен регистар на Р.М за домашни правни лица**

**-извод од регистрација од соодветен регистар за странски правни лица**

**Е-маил адреса на подносителот на пријавата, преку која ќе се врши постапка на регистрирање за учество на електронското јавно наддавање, односно ќе му бидат испратени во рок од три дена од доставувањето на понудите, корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање, односно пристап на интернет страницата на која што ќе се одвива електронското јавно наддавање.**

**Подносителите кои доставиле комплетни пријави за учество на јавното наддавање на денот на спроведувањето на јавното наддавање се регистрираат на интернет страницата наведена во објавата со корисничко име и шифрата за учество на јавното наддавање, по што имаат право на учество на јавното наддавање.**

**6. Банкарска гаранција за сериозност на понудувачот од 2% од проценетата вредност:**

**Банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од вкупната проценета вредност на недвижните ствари.. Покрај електронската достава на банкарската гаранција во скенирана копија на оригиналот во PDF формат подносителот на понудата/пријавата за учество е должен до крајниот рок за поднесување на понуди/пријави, банкарската гаранција за сериозност на понудата да ја достави и во писмена форма и во оригинал преку пошта или со лично доставување на адресата: општина Ѓорче Петров ул. Ѓорче Петров бр.73, до Комисијата за располагање на недвижни и движни ствари. Недоставувањето на банкарска гаранција во писмена оригинална форма на посочената адреса ја прави пријавата/понудата неприфатлива и истата ќе биде одбиена.**

**Банкарската гаранција треба да биде издадена во македонска валута, од банка која работи и врши банкарски активности во Република Македонија, а времетраењето на банкарската гаранција треба да изнесува најмалку 30 дена, сметано од денот утврден како краен рок за поднесување на понудата/пријавата.**

**Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на јавното наддавање му се враќа на подносителот на пријавата во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање, а банкарската гаранција на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 15 дена од денот на потпишување на договорот.**

**Банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе се наплати доколку избраниот најповолен понудувач не го потпише договорот за закуп со општина Ѓорче Петров. При наплата на банкарската гаранција понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните ствари.**

**Секоја пријава што не содржи гаранција за сериозност на понуда или содржи гаранција за сериозност на понудата која не е во согласност со условите од објавата, ќе биде отфрлена и нема да учествува на електронското јавно наддавање.**

**7. Постапката за електронско јавно наддавање:**

**Постапката за електронско јавно наддавање ја спроведува Комисијата за недвижни и движни ствари при општина Ѓорче Петров. Комисијата по приемот на пријавите утврдува дали се доставени во определениот рок и дали се комплетирани согласно со условите во објавата по што ги известува подносителите на пријавите подносителите на пријавите по електронски пат. На подносителите на пријавите кои се комплетни, комисијата во рок од 3 (три) дена од денот на доставувањето на понудите им доставува корисничко име и шифра за учеството на јавното наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на јавното наддавање. Подносителите кои доставиле комплетни пријави за учество на јавното наддавање на денот на спроведувањето на јавното наддавање се регистрираат на интернет страницата наведена во објавата со корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање по што имаат право на учество на јавното наддавање. Јавното наддавање ќе се одржи доколку учесниците ги исполнуваат условите дадени во објавата. Јавното наддавање ќе се одржи, доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во објавата и ја прифати почетната цена. Јавното наддавање започнува со објавување на вкупната почетна цена на закупнината и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците. Во првите пет минути од јавното наддавање учесниците можат да ја прифатат, односно зголемуваат цената на месечната закупнина. Јавното наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда. Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од две (2) минути има нова понуда. Доколку во првите пет минути од јавното наддавање не е прифатена понудата, односно не е дадена повисока понуда од учесникот на јавното наддавање, вредноста на закупнината се намалува за 2 % по што учесниците на јавното наддавање повторно ќе имаат можност да ја прифатат односно зголемуваат цената на месечната закупнина без притоа да се ограничува**

**минималниот чекор на зголемување. Доколку во истекот на последните две минути од вторите пет минути од јавното наддавање од страна на учесниците е прифатена понудата, односно дадена е повисока понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема дадено нова понуда. Доколку во времетраење од 5 минути повторно нема понуда, вредноста на закупнината повторно се намалува за 2 % од првичната проценета вредност.Намалувањето на вредноста на закупнината на предметот на закуп во текот на наддавањето може да биде најмногу до 30 % од проценетата вредност без разлика колку понудувачи се јавиле на јавното наддавање. За најповолен понудувач се смета учесникот во јавното наддавање кој понудил последна цена која претставува највисока цена за закупнина. По завршувањето на јавното наддавање се изготвува записник за спроведеното јавно наддавање кој електронски се доставува до сите учесници на електронското јавно наддавање.**

**Учесниците на јавното наддавање имаат право на Приговор само по однос на постапката за јавно наддавање, во рок од три дена од одржувањето на јавното наддавање до Комисијата која одлучува по приговорот со Решение во рок од 5 дена од приемот на приговорот.**

**Против решението на Комисијата може да се изјави Жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.**

**8. Обврска на најповолниот понудувач:**

**За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена која претставува највисока цена за месечна закупнина за предметот на закуп.**

**По завршувањето на постапката за јавно наддавање, со најповолниот понудувач во рок од пет работни денови сметано од истекот на рокот за правна заштита уреден со чл.28 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост се склучува договор за закуп во писмена форма кој се доставува кај нотар заради вршење на солемнизација. На договорот за закуп соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи. Нотарските трошоци се обврска на најповолниот понудувач, односно на закупопримачот. Доколку најповолниот понудувач не го потпише договорот (во определениот рок) со општина Ѓорче Петров ќе се пристапи кон активирање на банкарската гаранција и нема да може да учествува во секое идно јавно наддавање за предметните ствари во период од една година.**

**Комисија за недвижни и движни**
**ствари на Општина Ѓорче Петров**